Објавен во Службен весник број: 132/2014
Датум на објавување: 05.09.2014

## Закон за изменување на Законот за здравствената заштита

### Член 1

Во Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија" број 43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14 и 43/14), во членот 204 став (1) алинејата 6 се менува и гласи:

„- му престане договорот за вработување или договорот за продолжување на вработувањето, поради возраст согласно прописите од областа на работните односи,"

### Член 2

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".